Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжение на четириесет и петтата седница одржана на ден 30.12.2020 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-1289/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1289/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-1289/1 од 22.02.2020 година е оформен по Годишен план за следење на имотната состојба и судир на интереси за 2020 година.

ДКСК по сопствена иницијатива изврши увид за тоа дали поднеле Анкетни листови и изјави за интереси Претседател на Основен суд.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето ___________, во законски утврдениот рок по престанок на функцијата Претседател на Основен суд поднело анкетен лист со што постапило согласно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Н.Т-М
Одобрил: м-р В.Г

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**